# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АД ЕВРОПА СКОПЈЕ за 2020 година

АД ЕВРОПА Скопје, со целосен назив Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА - Скопје е основана во Република Македонија и има седиште на ул. 808 бр.8 Скопје - Гази Баба.

Приоритетна дејност на друштвото е производство на кондиторски производи, а од другите дејности се и регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет.

Акционерската главнина на друштвото ја сочинуваат 255.583 обични акции. Номинална вредност на една акција изнесува 51,13 евра. На 31.12.2020 година структурата на акциите е следна:

- сопствени акции - 25.549
- акции на правни лица – 171.586
- акции на физички лица – 57.979
- неидентификувани акции - 469

Заработувачката по акција за 2020 година изнесува 351 денари, а во 2019 година изнесуваше 318 денари.

Финансиските извештаи на АД Европа Скопје се изготвени во согласност на Законот за трговски друштва (Сл. весник на РМ бр.28/2004 ... бр.192/2015), според Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени и прифатени во Република Македонија и Правилникот за водење на сметководство Сл.весник на РМ 159/2009; 164/2010 и 107/2011.

Годината што измина беше исклучително предизвикувачка за работење на глобално ниво заради избувнувањето на пандемијата КОВИД-19. Владите во светот ги ограничија економските активности, постоеше голема неизвесност за развојот и траењето на пандемијата, ефектот врз продажбата и синџирите за снабдување.

И покрај таквото несигурно деловно окружување АД Европа оствари позитивни резултати во работењето.

**Производство**
- раст 11,7%

**Продажба**
- раст 5,3%

**Нето добивка**
- раст 10,4%

## 1. ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ

Во 2020 година продажбата е зголемена за 5,3%. На домашен пазар се реализирани 44% од вкупниот износ на продажба, а на странски пазар 56% и тоа во 26 земји во светот.









## 1.1. Домашен пазар

На домашен пазар продажбата има зголемување од 7,4 %. Продажбата на домашен пазар во 2020 година е реализирана преку:

- Дистрибутери
- Хард дисконти
- Сопствени продавници
- Останати фирми







## 1.2. Странски пазар

Продажбата на странски пазар во 2020 година има зголемување од 3,8% во однос на 2019 година.







## 1.3. Маркетинг

Во 2020 година беше реализирана кампањата "1882" која опфати ребрендирање на Ексклузивните чоколади од 150 грама во нова ексклузивна амбалажа, беше снимен ТВ спот кој беше емитуван на 6 национални телевизиски куќи (4 македонски и 2 албански) како и на веб портали (Црнобело, Фемина, Кајгана итн.). Дополнително се изработени картонски сталажи, а потоа и импресивни сталажи со телевизор.


Силен
и интензивен
вкус
1882




TINEX
Силен
и интензивен
вкус


Силен
и интензивен
вкус
1882


ЗЛАТНА ВЛЕЗНИЦА
2021
1882
CHOCOLATES




Во месеците јули, август и почеток на септември реализирани се промоции во Метропол лејк ресорт.









Направен е редизајн на амбалажа на Ексклузивни чоколади 400 г со ознака 1882, чоколадите од 1,2 кг како и брендирана кутија 1882 за поклон.










Отворени се две нови специјализирани продавници во Бутел и Струмица.

Продавница во Бутел







Продавница во Струмица






Направен е редизајн на амбалажа на Мини Колорадо 40 г, Венето 65 г и Метропол 100 г. Исто така изработени се КУПУВАМ ДОМАШНО, палет врапер, price tag.















## 2. ПРОИЗВОДСТВО

Во 2020 година производството е зголемено за 11,7%.

Во секторот за какао производи, десерти и локум производството е намалено за 1,4%. Во секторот за бонбонски производи оствареното производство има намалување од 10,4%, а во секторот за брашнено-кондиторски производи е зголемено за 59,4% во однос на производството од 2019 година.

## 3. Објаснувачки белешки за финансиските извештаи

### 3.1. Вкупни приходи

Во 2020 година остварени се вкупни приходи на износ од 821.265.646 денари и во однос на 2019 година зголемени се за 4,3%.

### 3.2. Вкупни расходи

Во 2020 година вкупните расходи изнесуваат 746.415.158 денари и во однос на 2019 година се зголемени за 6,3%.

## 3.3. Остварен финансиски резултат

Табела бр.1

| БИЛАНС НА УСПЕХ | | | |
|---|---|---|---|
| | 01-12 2019 | 01-12 2020 | раст/пад |
| | МКД | МКД | % |
| Приходи од продажба | 774.223.177 | 801.336.742 | 3,50 |
| Залихи на готови производи и недовршено производство на почеток на година | 27.952.005 | 24.182.979 | -13,48 |
| Залихи на готови производи и недовршено производство на крај на година | 24.182.979 | 37.447.831 | 54,85 |
| Останати оперативни приходи | 7.231.831 | 13.021.752 | 80,06 |
| **Оперативни приходи** | **777.685.982** | **827.623.346** | **6,42** |
| Трошоци за суровини и материјали | 368.247.408 | 401.606.991 | 9,06 |
| Трошоци за вработени | 147.936.192 | 175.758.735 | 18,81 |
| Трошоци за дадени одобренија и други трошоци | 62.727.855 | 59.715.523 | -4,80 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 56.544.264 | 47.431.415 | -16,12 |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | 36.509.863 | 38.462.999 | 5,35 |
| Останати трошоци од работењето | 13.569.848 | 14.296.921 | 5,36 |
| Набавна вредност на трговски стоки | 3.806.248 | 3.481.574 | -8,53 |
| Набавна вредност на продадени материјали, рез.делови, ситен инв. | 1.466.633 | 2.392.430 | 63,12 |
| Вредносно усогласување на материјали | 8.302.198 | 145.164 | -98,25 |
| **Оперативни расходи** | **699.110.508** | **743.291.752** | **6,32** |
| **Оперативна добивка** | **78.575.474** | **84.331.594** | **7,33** |
| Приходи од вложувања, заеми, камати и курсни разлики | 5.665.754 | 6.907.152 | 21,91 |
| **Финансиски приходи** | **5.665.754** | **6.907.152** | **21,91** |
| Расходи по основ на камати и курсни разлики | 3.225.220 | 3.123.406 | -3,16 |
| **Финансиски расходи** | **3.225.220** | **3.123.406** | **-3,16** |
| **Добивка од работењето** | **81.016.008** | **88.115.340** | **8,76** |
| Данок на добивка | 7.867.681 | 7.356.373 | -6,50 |
| **Нето добивка по оданочување** | **73.148.327** | **80.758.967** | **10,40** |

Во 2020 година остварена е нето добивка по оданочување на износ од 80.758.967 денари и во однос на 2019 година е зголемена за 10,4%.

## 4. Извештај за паричен тек

Табела бр.2

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК во 000 денари | | |
|---|---|---|
| | **2019 г МКД** | **2020 г МКД** |
| Нето добивка по оданочување | 73.148 | 80.759 |
| Прилагодување за: | | |
| Амортизација | 36.510 | 38.463 |
| Зголемување/намалување на залихи | -34.363 | -5.682 |
| Зголемување/намалување на купувачи | 8.041 | 27.629 |
| Зголемување/намалување на побарувања за аванси | 43.420 | 0 |
| Зголемување/намалување на останати кратк.побарувања | -492 | 736 |
| Зголемување/намалување на АВР | 57 | 157 |
| Зголемување/намалување на обврски спрема добавувачи | 21.493 | 963 |
| Зголемување/намалување на обврски за аванси | -98 | 0 |
| Зголемување/намалување на краткорочни обврски | -99.357 | 2.136 |
| Зголемување/намалување на ПВР | 0 | |
| Расходи/приходи од камати | -1.417 | 0 |
| Исплатени/наплатени дивиденди | 0 | |
| Расходи за платен данок | -13.847 | 0 |
| капитална добивка/загуба од основни средства | -886 | |
| Капитална добивка/загуба од вложувања | -535 | -2.814 |
| Останати парични приливи и одливи од оп.акт | -2.038 | 0 |
| **Парични текови од оперативни активности** | **29.636** | **142.347** |
| Набавки на недв.постр.,опрема,немат.с-ва | -121.978 | -8.066 |
| Продажба на недвижности и постројки | 15.996 | |
| Парични приливи од продажба на сопств.или должнички хв на др.правни лица | 0 | 15.317 |
| Парични исплати за стекнување на сопств.или должнички хв на др.правни лица | 0 | -2.163 |
| Парични аванси и заеми дадени на други лица | 0 | -5.693 |
| Приливи/одливи од дивиденди | 4.487 | 0 |
| Останати парични приливи и одливи од инв.актив. | 2.859 | 80 |
| **Парични текови од инвестициони активности** | **-98.636** | **-525** |
| Парични исплати за враќање на заеми | 701 | -13.410 |
| Парични приливи од издадени долж.хв и останати земени краткорочни и долгорочни кредити | | |
| Исплатена дивиденда | 51.814 | -22.775 |
| **Парични текови од финансиски активности** | **52.515** | **-36.185** |
| **Зголемување/намалување на парични средства** | **-16.485** | **105.637** |
| Парични средства на почеток на годината | 43.243 | 26.758 |
| **Парични средства на крајот на годината** | **26.758** | **132.395** |

## 5. Извештај за промена на капитал

Табела бр.3

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНА НА КАПИТАЛ 2020 г | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Капитал на акционерите (000 МКД) | | | |
| | **Акционерски капитал** | **Законски, ревалоризациони и останати резерви** | **Акумулирана добивка** | **Вкупно капитал** |
| **Состојба на 1 јануари во претходната година 2019 г** | **1.078.168** | **-470.601** | **191.060** | **798.627** |
| Добивка за финансиската година | | | 73.148 | 73.148 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | | | 0 | |
| Исплатени дивиденди | | | -46.007 | -46.007 |
| Распределба на добивката за награди и користи на вработените | | | -5.992 | -5.992 |
| Останати резерви | | | 976 | 976 |
| Останати зголемување/намалување на средства | | | | 0 |
| **Состојба на 31 декември во претходната година 2019 г** | **1.078.168** | **-470.601** | **213.185** | **820.752** |
| Добивка за финансиската година | | | 80.759 | 80.759 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | | | 0 | |
| Исплатени дивиденди | | | -13.802 | -13.802 |
| Распределба на добивката за награди и користи на вработените | | | -9.029 | -9.029 |
| Останати зголемување/намалување на средства | -534.018 | 569.101 | -26.459 | 8.624 |
| **Состојба на 31 декември во тековната година 2020 г** | **544.150** | **98.500** | **244.654** | **887.304** |

## 6. Инвестиции

Табела бр.4

| ИНВЕСТИЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2019 г | 2020 г | Раст/Пад |
| | МКД | МКД | % |
| Градежни објекти | 1.220.185 | 1.515.630 | 24,2 |
| Опрема | 117.017.613 | 2.633.350 | -97,7 |
| Транспортни средства | 1.936.351 | 92.465 | -95,2 |
| Сметачки машини | 410.063 | 90.111 | -78,0 |
| Друга опрема | 1.394.061 | 2.553.882 | 83,2 |
| **Вкупно** | **121.978.273** | **6.885.438** | **-94,4** |

## 7. Дивиденда

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденда се додека истата не се ратификува на Годишното собрание на акционери. На 14.05.2020 година Годишното собрание на акционери одобри пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2019 година на износ од 13.802.040 денари, односно бруто дивиденда по акција 60 денари.

По однос на обелоденување на политика на дивиденди, АД ЕВРОПА Скопје на акционерите им исплаќа дивиденда само откако ќе се исплатат сите обврски на друштвото и трошоци за капиталот. Во досегашното работење на АД ЕВРОПА Скопје, водејќи се од начелото на резидуална дивидентна политика, на акционерите им исплаќа дивиденда согласно законски предвидената постапка.

## 8. Побарувања и парични средства

Табела бр.5

| ПОБАРУВАЊА И ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2019 г | 2020 г | Раст/пад |
| | МКД | МКД | % |
| Купувачи во земјата | 77.309.354 | 76.575.535 | -0,9 |
| Купувачи од поврзани субјекти | 2.033.331 | 867.093 | -57,4 |
| Купувачи во странство | 100.147.015 | 74.477.899 | -25,6 |
| Побарувања за дадени аванси и заеми | 58.150 | 5.751.005 | 9.789,9 |
| **Вкупно** | **179.547.850** | **157.671.532** | **-12,2** |
| ДДВ за поврат | 7.947.090 | 8.220.382 | 3,4 |
| **Вкупно** | **7.947.090** | **8.220.382** | **3,4** |
| Побарувања од вработени | 1.785 | 11.492 | 543,8 |
| Останати побарувања | 2.761.264 | 1.526.800 | -44,7 |
| **Вкупно** | **2.763.049** | **1.538.292** | **-44,3** |
| Жиро сметка денарска | 10.914.600 | 35.327.357 | 223,7 |
| Жиро сметка девизна | 15.732.784 | 96.952.362 | 516,2 |
| Благајна денарска | 36.746 | 35.341 | -3,8 |
| Благајна девизна | 63.894 | 58.220 | -8,9 |
| Картица | 10.398 | 21.686 | 108,6 |
| **Вкупно** | **26.758.422** | **132.394.966** | **394,8** |
| **ВКУПНО** | **217.016.411** | **299.825.172** | **38,2** |

Во 2020 година побарувањата од купувачите изнесуваат 157.671.532 денари и во однос на 2019 година се намалени за 12,2%.
Паричните средства изнесуваат 132.394.966 денари и се поголеми за 394,8%.

## 9. Обврски

Табела бр.6

| ОБВРСКИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2019 г МКД | 2020 г МКД | Раст/пад % |
| Добавувачи поврзани субјекти | 78.311.064 | 4.944.828 | -93,7 |
| Добавувачи од земјата | 16.442.630 | 86.047.190 | 423,3 |
| Добавувачи од странство | 6.174.058 | 10.336.310 | 67,4 |
| Даноци и придонеси | 4.175.607 | 4.980.252 | 19,3 |
| Персонал. данок, дивиденди | 74.101 | 71.094 | -4,1 |
| Нето плати | 8.406.357 | 9.830.220 | 16,9 |
| Обврски спрема вработени | 400.197 | 487.067 | 21,7 |
| Неисплатени дивиденди | 1.787.800 | 1.838.236 | 2,8 |
| Примени аванси | 125.255 | 688.045 | 449,3 |
| Останати обврски | 464.823 | 328.535 | -29,3 |
| Обврски ОД | 210.000 | 180.000 | -14,3 |
| Обврски персонален ОД | 23.310 | 19.980 | -14,3 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **116.595.202** | **119.751.757** | **2,7** |
| Халк банка | 0 | 10.539.702 | |
| **Вкупно краткорочни кредити** | **0** | **10.539.702** | **0,0** |
| НЛБ Банка Скопје | 40.057.868 | 0 | |
| Халк банка | 0 | 16.108.612 | |
| **Вкупно долгорочни кредити** | **40.057.868** | **16.108.612** | **-59,8** |
| **ВКУПНО** | **156.653.070** | **146.400.071** | **-6,5** |

Обврските кон добавувачите изнесуваат 101.328.328 денари и се зголемени за 0,4% во однос на 2019 година.

## 10. Вложувања

Табела бр.7

| ВЛОЖУВАЊА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2019 г МКД | 2020 г МКД | Раст/пад % |
| Европак 2012 ДООЕЛ Скопје | 37.850.000 | 37.850.000 | 0,0 |
| **Вкупно вложување во подружници** | **37.850.000** | **37.850.000** | **0,0** |
| АД Жито Лукс | 43.560 | 43.560 | 0,0 |
| Алфа ДОО | 28.612.300 | 28.612.300 | 0,0 |
| Фершпед АД Скопје | 181.842.261 | 184.005.016 | 1,2 |
| ГТЦ | 879.550 | 879.550 | 0,0 |
| Макошпед | 3.113.951 | 3.113.951 | 0,0 |
| **Вкупни долгорочни вложувања** | **214.491.622** | **216.654.377** | **1,0** |
| Комерцијална банка АД Скопје | 7.457.140 | 3.580.000 | -52,0 |
| **Вкупно вложување во банки** | **7.457.140** | **3.580.000** | **-52,0** |
| **ВКУПНО вложувања** | **259.798.762** | **258.084.377** | **-0,7** |

## 11. Корпоративно управување

АД ЕВРОПА Скопје, како друштво кое котира на македонската берза АД Скопје го усогласи своето работење со донесениот Кодекс за корпоративно работење и во 2020 година продолжи да се придржува кон пропишаните принципи на корпоративно управување.

Во текот на 2020 година, друштвото одржа редовно Собрание на акционери во месец мај, при што беше испочитуван принципот за остварување на правата и интересите на акционерите. Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на Собранието на друштвото и имаат еднаков третман согласно правата кои произлегуваат од класата и родот на нивните акции. Друштвото ги штити правата и интересите на акционерите на тој начин што овозможува остварување на нивните права да предлагаат точки на дневен ред, поставуваат прашање во врска со точките на дневниот ред, да се вклучуваат во дикусијата, да даваат забелешки на текот на седницата на Собранието и да бараат истите да бидат внесени во Записникот од Собранието.

Друштвото при свикување на седницата на редовното годишно Собрание на акционери во мај 2020 година, во целост ја испочитува пропишаната постапка за свикување на Собранието, достапноста на информациите, постапката за пријавување/учество, како и начинот на водењето на Собранието.

Постапувајќи по Правилата за котација на македонска берза на хартии од вредност АД СКОПЈЕ, а се со цел остварување на принципот на транспарентност, друштвото секогаш навремено и точно информираше и доставуваше на интернет

страницата на македонската берза, ценовно чувствителни информации, финансиски извештаи и информации поврзани со измени во органи на управување.

Согласно Кодексот за деловна етика, друштвото воспостави збир од професионални стандарди и корпоративни вредности кои се применуваат подеднакво кон клиентите и деловните партнери. Во тој контекст, АД ЕВРОПА Скопје остана доследна во уверувањето дека освен секоја деловна трансакција, од посебна важност е и негувањето на долгорочните партнерски односи со добавувачите и соработниците, базирани на меѓусебна доверба и почитување. Флексибилноста на посебните барања и услови на нашите добавувачи и деловните партнери се наша конкурентска предност, а ставот дека купувачот е партнер на долги стази е наша секојдневна филозофија.

Во врска со почитување на принципот на редовна и ефикасна контрола и ревизија на работењето на друштвото, сакаме да истакнеме дека од страна на Собранието на друштвото секоја година се избира друштво за ревизија од редот на независните професионални ревизорски институции кое врши ревизија на финансиските извештаи.

Оттаму, согласно ЗТД, Одборот на директори на друштвото ја испитува објективноста на финансиските извештаи и утврдува дека објективно ја претставуваат финансиската состојба, во сите материјални значајни аспекти. Тоа се гледа и во извештајот на ревизорите, каде е наведено дека сите финансиски извештаи ја презентираат објективно од сите материјални аспекти финасиската состојба на АД ЕВРОПА Скопје заклучно со 31 декември 2020 година како и неговата финасиска успешност и неговите парични текови за годината што измина, во согласност со Меѓународните стандарди за финасиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

Како аргумент плус кон почитувањето на принципот на контрола и ревизија на работењето на друштвото е и организираната независна организациона единица за внатрешна ревизија, чии вработени извршуваат исклучиво работи од доменот на внатрешната ревизија и секогаш навремено доставуваат до Одборот исцрпни извештаи за спроведената ревизија. На члeновите на ОД во друштвото, во 2020 година во нето износ им се исплатени два милиони дваесет и пет илјади денари во кој износ влегува и исплатата за декември месец од претходната година.

Друштвото има јасно поставена организациона структура, со прецизно дефинирани права и одговорности на органите на управување и на другите органи на друштвото, со тоа што го потврдуваат принципот на поделба на надлежности.

Извршувањето на своите секојдневни активности, друштвото ги врши во согласност со законската регулатива и подзаконски акти кои се применуваат подеднакво за сите членови на органите на надзор и управување, лицата со посебни права и одговорности и за останатите вработени во друштвото.

Генерален директор,
Марика Караџова

"ЕВРОПА"